д-р Никола В. ДИМИТРОВ[1]

# МОДЕЛИ НА СТРАТЕГИИ ЗА ДЕМОГРАФСКИ РАЗВОЈ И ПОПУЛАЦИОНА ПОЛИТИКА

ИЗВОД

Во трудот се дадени неколку модели на стратегии за демографски развој и популациона политика кои би можеле да се применат и во Република Македонија. Моделите на стратегии се подредени и класифицирани на повеќе нивоа.

**Клучни зборови**: Демографија, демогеографија, модели на демографски развој, стратегии на популациона политика

## MODELS OF STRATEGYS FOR DEMOGRAPHIQUE DEVELOPMENT AND POPULATIONS POLITICES

**Abstract**

In this work on speaking for afew models of strategys for demographique development and populations politices which might to use practice in Republic Macedonia. The models of strategys are subservients and classifieds to more leveles.

**Keys words**: Demographique, demogeographia, models for demographique development, strategys population politics.

## 1. Македонско демографско востание за опстанок[2]

Најважна задача на секоја држава и локална заедница е да го чува и зачува своето население. Доколку во тоа не се успее нема да има ниту држава ниту локална заедница, туку само агонија којдоведува до исчезнување.

[1] Доктор на географски науки, географ и демограф

[2] Лектор на рефератот, проф.д-р Трајко Огненовски, сертифициран лектор

Историски гледано, во сите периоди, посебно помеѓу војните, македонскиот народ бројно се зголемувал, се раѓале деца, населението се множело, нашите баби, прабаби и чукунбаби раѓале пет, шест, седум и повеќе деца. Тоа било вообичаено, особено по селата кои се ширеле и станувале помногубројни. Без разлика на имотната состојба на родителите, се раѓале повеќе деца.

И покрај високиот наталитет македонскиот народ на многу пати ја пропуштил приликата да биде бројно поголем, а за тоа "се погрижиле" востанијата, војните, делбите и миграциите. Добар пример е целиот XX-ти век, кога процесот на пораст на македонската популација, односно "македонскиот беби бум" беше прекинат, а Македонецот наместо пораст доживеа десеткување.

Денес, Македонецот не се множи, туку напротив забрзано старее и изумира. Само, за илустрација: во 2002 година во Р. Македонија, 1.205.226 лица или 59,6%, беа на возраст од 0-39 години, а 817.321 или 40,4% од вкупната популација на возраст над 40 години (население кое се наоѓа во залезот на фертилното доба). Доколку продолжи овој процес, за наредниот попис (2011 година) бројките ќе ги променат своите места, па така над 50% од вкупното население во Р.Македонија ќе има над 40 години. Како потврда на ова зборува зголемувањето на населението со над 60 години, кои во 2002 год. учествуваа со 304.737 лица или 15%, а во наредниот попис цениме дека ќе учествува со приближно 20%, или 1/5 од вкупното население во државата.

За сето ова да се оствари "ќе се погрижи" белата чума-нискиот наталитет, миграциите на младо фертилно и работоспособно население, сè помалиот број ученици, студенти, сè повеќе разводи, абортуси, сè повеќе умирања, сиромаштија и непостоење услови за раѓање повеќе деца, пораст на хомосексуализмот и други видови на перверзии, на разни феминистички друштва, зголемување бројот на раселени и мали села и низа други фактори кои се на штета на зголемувањето бројот на македонскиот народ.

Ако кон сето ова го приклучиме и опкружувањето, односно односите и размислувањата на соседите кон нас, тогаш демографската ситуацијата во Р. Македонија е алармантна. Може да ни се случи црно сценарио, преку мајоризација на наталитетот други народи да дојдат во позиција, а Македонците да станат национално малцинство

во сопствената земја, опција која реално може да ни се случи најмногу за време во овој век. Значи станува збор за сериозен државен и национален проблем кој не треба да трпи никакво одлагање, бидејќи секоја изгубена година претставува чекор кон подгревање на условите за изумирање на нацијата. Доколку сега и веднаш не се започне со реализирање на стратегија за демографска обнова на нацијата временското растојание во погоре споменатиот век може да се намали и да се оствари за многу побрзо време. Со подруг речник кажано: секоја изгубена година нацијата ја води кон приближно геометриско намалување на наведените сто години.

***Што треба да се направи ?***

За да се излези од демографска криза во која Р. Македонија се наоѓа, потребна е реализација на акција за ревитализација на нацијата, односно реализирање на популациона политика преку следниве и други **предлог мерки:**

1. **Реализација на национална стратегија** за системска, практична и економски подржана популациона политика во насока на демографска обнова на татковината.
2. **Темелна прераспределаба на националниот доход во насока на масовни вработувања** на младите лица и нова економска политика во корист на раѓањето, мајчинството и семејството, а укинување на антинаталитетната политика. Имплементација на економска политика за популациска обнова на нацијата и државата.
3. **Донесување систем на Закони кои ќе стимулираат демографски инвестиции**-практицирање на пронаталитетна економска политика или пронаталитетен бизнис (поволности во породилното боледување, закон за вештачко оплодување, поволности во образованието, поволности и бенифиции на повеќечлените социјални семејства, ослободување од разни давачки на повеќечлените семејства, закон за детски денар, формирање на разни фондови, признавање на работен однос со право на старосна

пензија на секоја мајка која ќе роди три и повеќе деца, закон за лечење на стерилитет и финансиска поддршка на гинеколошките ординации во насока на помагање на раѓањето, Закони за бенефиции, стимулации и други ослободувања на правните лица кои практикуваат пронаталитетен бизнис (помали даночни стапки, ослободување од разни други давачки, практицирање на донации на многудетните семејства, помош на мајките со многу деца, вработување на родителите итн.)

4. **Закони за грижа и бенефиции на жителите кои го ревитализираат животот во селата**, го развиваат земјоделството, со посебен акцент на повеќечлените земјоделски семејства (поволности при градба, инфраструктурна опременост, добивање на поволни земјоделски кредити, давање на регреси и субвенции во земјоделството итн.).
5. **Мобилност на науката, образованието, граѓанските организации, медиумите и поединците во правец на пронаталитетната политика** (сериозно преиспитување на вистинските вредности. Етиката, моралот, афирмација на семејството, работата, творештвото, другарството, чесноста, љубовта и другите вредности како стил на живот на младите, но и на повозрасните).
6. **Ефективна регионализација** во функција на развој на локални власти и руралните средина за економско функционирање во насока на популационата политика.
7. **Формирање на Факултет за демографија и популациона политика** (создавање услови за образување на млади стручни кадри задолжени за практицирање на популационата политика во континуитет).
8. **Формирање на научен институт за демографски истражувања, миграции и популациона политика** (подигнување на популационата политка на научно ниво, нејзино следење и практично реализирање на важни стратегии и планови во насока на прагматична популациона политика).

9. Наведни **мерки и активности да имаат минимална временска динамика од 30 години** за да се доведе државата во демографска сигурност.
10. **Државата и локалната власт доследно да ги почитува и реализира сите наведени активности и мерки** базирани, врз економски законитости на одржлив развој и популациски опстанок.

***Апелот за демографска обнова на татковината се упатува не само до државата, туку и до бројната дијаспора, црквата, моќните бизнисмени, до сите поединци, јавните медиуми, невладините организации итн.*** Дури тогаш ќе може да се констатира дека македонскиот народ веќе создал солидна основа на популациски пораст со сигурност да го преброди XXI век. Во спротивно, веќе од наредниот попис и пописите што следат, процесот на интензивно стареење драстично ќе се зголемува во насока на изумирање до исчезнување.

**Иднината на народите се гледа преку нивната квантитативна и квалитативна моќ.** Случајот со Македонија и Македонците, односно проблемот ***за македонските работи***, денес добива димензија на популациски опстанок. Македонците низ историјата повеќе пати ја поминале голготата на народ без држава. Денес Р. Македонија како држава не треба да дозволи да биде меѓународен заложник на разни одолговлечувања и комбинации кои водат кон создавање на држава без матичен народ или држава со малцински народ. Дојде времето кога Организацијата на обединетите нации (ООН) треба да застане на странаа на малите народи и да ги заштити нивните јазици, култури, вери, историја и традиции од исчезнување.

## 2. Модели и пристапи на стратегии за демографски развој и популациона политка

Поаѓајќи од аксиомата дека популационата политика е работа на секоја суверена држава, а бројот на членови во семејството е работа на слободна одлука на самото семејство, проценката на општеството да влезе во оваа деликатна област на планирање или демографска обнова мора да се одвива стратешки, плански, со разни активности,

стратегии, правци, носители на активности, мерки, временски рамки и сите тие со основна цел за зголемување на популациската обнова на национално, регионално и локално ниво.

Според тоа, кој, кога и на каков начин ќе го планира и реализира демографскиот развој и популационата политика, можат да практицираат повеќе концепти и модели на стратегиски демографски развој. Моделите, во основа, треба да бидат економски и социјално издржани.

Примарно демографските модели можат да се базираат на два **демогеографски концепта**:

- **Деструктивен демогеографски модел** (разорлив, разурнувачки, штетен со јавно деклариран демографски хегемонизам, антагонизам и сепаратизам);
- **Конструктивен демогеографски модел** (со демократска и граѓанска премиса, со два под модела: национален и граѓански.

*Национален демогеографски модел*-еднонационален, бинационален и мултинационален модел во зависност од етничката шареноликост на просторот-државата. Со примена на планирана репродукција, редистрибуција и ревитализација)

***Граѓански демогеографски модел***- унитарен, регионален и глобален демографски модел, со примена на пондерирана репродукција, редистрибуција и ревитализација на депопулационите простори.

За Р.Македонија како најсоодветен би бил ***конструктивниот граѓански демогеографски модел врз унитарен принцип на регионализација.***

Улогата на државата во планирањето и реализацијата на **модели на стратегии на демографски развој и популационата политика** може да биде преку реализација на моновалентен централистички модел или преку реализација на поливалентен децентралистички модел, и двата модели во основа треба да се набљудуваат врз објективни и субјективни пристапи.

**а) Моновалентен модел *на стратегија за демографски развој и популациона политика*** во кој при процесот на донесување на разни закони и стратегии се инволвирани:

- Владата,
- Собранието,

- Минстерството за труд и социјална политика

**Финален продукт -** Стратегија за популациона политика.

**Имплементација** во демографски најзагрозени општини и региони.




**б) Поливалентен модел *на стратегии за демографски развој и популациона политика*** во кој при процесот на донесување разни закони и стратегии се инволвирани:

- Владата;
- министерствата;
- Собранието на РМ;
- Одговорна власт на посебни региони, и
- локална заедница - општини

**Финален продукт**: - стратегии за демографски развој и популациона политика (стратегија на политика за вработување; стратегија за наталитет; стратегија за старите лица; стратегија за заштита на децата; стратегија за полова еднаквост; стратегија за земјоделството; стратегија за семејството; стратегија за лечење на стерилитет; стратегија за вонтелесно оплодување-ин витро; стратегија за деметрополизација на градовите; стратегија за ревитализација на руралните простори; стратегија за регионален развој; стратегија за пронаталитетен бизнис; и др.

**Имплементација** во демографски најзагрозени општини и региони.




**Пристапи во дефинирање и реализација на демографскиот развој и популационата политика**:

**а) Објективен пристап *на популациона политика***:

***На високо ниво*** во кое се инволвирани:

Владата,Министерствата, Парламентот – Собранието и разни закони.

Јакнење на патриотизам, демографска обнова, практицирање на демографски бенефиции во функција на демографскиот развој и популационата политика и сл.

***На средно ниво*** во кое се инволвирани:

региони, општини, дијаспора, фондации,

Донесување интерни акти, јакнење на патриотизмот, демографска обнова, практицирање на демографски бенефиции во функција на демографскиот развој и популационата политика и сл.

***На ниско ниво*** во кое се инволвирани:

локална зедница-урбани и рурални населби, урбани заедници, фондови, фондации, бизнисмени, дијаспора, верски заедници, НВО, медиуми и сл.

Донесување на интерни акти, јакнење на патриотизам, демографска обнова, практицирање на демографски бенефиции во функција на демографскиот развој и популационата политика, и сл.

**б) Субјективен пристап *на популациона политика*:**

Секоја единка (практицирање патриотизам-"*Ти си Македонија !"*)

Семејство (практицирање патриотизам -"*Вие сте иднината на Македонија"*). Користење на демографски бенефиции во функција на личен опстанок, иднина на семејството, родот, роднинството, демографскиот развој и опстанок на националната држава.

## 3. Предизвици и предуслови за практицирање на демографскиот развој и популационата политика

Главен предизвик и предуслов за практицирање на демографскиот развој и популационата политика е **справување со економските проблеми** и нивно балансирање. Имено, тешката економска состојба во која се наоѓа младината и младите брачни парови е една од главните причини за намалување на наталитетот во земјата. Живееме во време кога на младите не им е решено станбеното прашање и тие тешко доаѓаат до работа. Поради тоа и тешко се одлучуваат да имаат пород и семејство. Популационата политика подразбира систем на мерки и прописи за планирање на семејството, вложувања во здравството, образованието, градежништвото и сл. Популационата политика не е само решавање на проблемот раѓање деца, туку и проблем за преливање на популацијата од мали во големи градови, од села во градови, и обратно, од еден во друг регион, од една во друга држава и слично.

Позитивни **популациони закони, прописи и мерки** во популационата политика се: еднократна исплата при раѓање на дете, месечна исплата за секое дете - детски додаток, еднократна парична исплата за второ, трето и повеќе деца; 100 процентна исплата на плата при трудничко боледување;

продолжување и зголемување на Програмата за вонтелесно вештачко оплодување и донесување закон за социјално становање; фонд за парична помош на децата; заштита на децата од разведени родители - преку ефикасна примена на судски одлуки за исплата на алиментација, а не преку основање на фонд за парична помош; одредени повластици-олеснувања за самохраните мајки; порез за вработени лица кои се немажени - неженети, и ред други мерки и повластици (бесплатни учебници, бесплатен превоз, поефтина детска облека, можност за организирани летовања - зимовања и др.), за ефикасна реализација на демографски развој и популациона политика.

Во тој контекст би ги додале и следниве предуслови. Создавање на **позитивна популациска свест и совест**, како индивидуална, така и колективна. Секоја општина во државата треба да има организација која искрено и истрајно ќе се занимава со популациона политика. Едукација на младите лица во правец на популационата политика. Долгогодишно финансирање на семејствата со повеќе деца. Во состав на Министерството за труд и социјална политика формирање на одделение или сектор за демографски развој и популациона политика. Координација на прашањата за популационата политка да се реализираат како по вертикала така и по хоризонтала.

**Активности на разни НВО и друштва за борба против “Белата чума”.** Создавање на позитивна популациона свест и совест; лични контакти со секое семејство кое добило принова-дарови, разговор со младите брачни парови, разговор со младите за важноста на семејството. Лични контакти со лица кои стапиле во брак; лични контакти и со лица кои немаат деца, контакти и со вработени лица а не се во брак и сл. Одржување трибини во општини, населби, месни заедници, работни организации, училишта, факултети и др. со цел мотивација за пород. Разговори и со младите средношколци и студенти за создавање на исправен став спрема бракот, семејството, децата, како и создавање на исправен став за потребата за своето биолошко постоење, како и став за потребата од створање на свој биолошки подмладок-населници. Организирање научни конгреси, собири, симпозиуми, трибини, форуми и слично, на тема за создавање на помладок. Гостување на ТВ и контакт

програми преку радија и ТВ, дирекни контакти за размена на идеи и активности итн.

**Вложување во високото образование и науката.** Формирање на Факултет за демографија и популациона политика или посебни студии за демографија и популациона политика на факултетите за географски, економски, факултетите за социологија, за социјална политика и сл.). Формирање Институт за демографски истражувања, миграции и популациона политика. Воведување наставни предмети: демографија и популациона политика (во средно образование - гимназии, средните стручни училишта - економски, медицински, правни и сл.). Воведување на наставни содржини за демографија и популациона политика (во основното образование во наставните предмети географија, историја; во средното образование во наставните предмети географија, социологија, филозофија, етика и сл.).

**Регреси во земјоделството:** економски мерки во аграрната политика, форма преку кој се субвенционира земјоделството. Попуст во цените на одредени хемиски средства, ѓубрива, средства за работа-обработка на земјата, репродукционен подмладок и сл. од кои земјоделските призводители имаат потреба при купување. Задачата е по пат на ниски цени да се интензивира стимулирање на интензивно земјоделско производство. Регресите придонесуваат за зголемување на земјоделското производство, подобрување на акумулативната способност на полјоделството, сточарството, овоштарството, лозарството, риболовот, пчеларството и ловот, пораст на доходот и животниот стандарт на земјоделското население, развој на домашното производство и сл. Дополнителни регреси за земјоделски машини, вештачки ѓубрива, средства за заштита на билки, квалитетни приплодни грла, високоприносни сорти на семиња, како и доделување на парични награди за најдобрите производители и рекордери.

**Субвенции во земјоделството:** збир на економски мерки во аграрната политка со кои општествената заедница финансиски помага во реализација на одредени аграрни политички цели. Класичните мерки за субвенционирање во земјоделството спаѓаат и регресите. Репродукционен материјал, средства за пат, пониски железнички тарифи, ниски порески стапки, финансиска помош за стимулирање

на цените, на млеко, месо, жито, градинарство, грозје, овошје, јагниња, волна, коноп, тутун, вештачко осеменување итн.

**Деметрополизација на Скопје и другите градови**: Во Скопје, заедно со Скопскиот регион, Полошкиот и Североисточниот регион имаат концентрација на население од над 50% од вкупното население во Р. Македонија. Особено е изразен демографскиот притисок на континуиран пораст на бројот на населението во град Скопје. Овај некоординиран и непларски пораст е далеку над расположливите суровини и условите потребни за живот на соодветното подрачје. Според тоа потребна е деметрополизација на Скопје и на другите простори во кои се чувствува загрозување на оптималните условите за опстојување на населението. Зголемен процент на невработеност, нарушување на еколошката рамнотежа, зголемена концентрација на население над економските параметри, намалување на економската продуктивност и слично.

**Ревитализација на депопулационите зони и подрачја**: Утврдување на индикатори според кои популациски и економски ќе се ревитализираат зоните и подрачјата. Предност во ревитализацијата имаат локалниот и реагионалниот развој врз економски предуслови, односно фаворизирање на пронаталитетен бизнис. Ревитализација на руралните нуклеуси. Дефинирање на приоритетни зони и подрачја за популациска обнова според природните услови (плодно земјиште, шуми, вода, дивеч, рудни богатства, услови за развој на еколошки туризам-селски туризам, културно-историски, верски, бањски, планински туризам и сл.), заштита на рамничарските, ридските и планинските предели, пограничните зони, заштита на националните и други интереси, стимулирање на индивидуалната и колективната градба, подобрување на инфраструктурата и ревитализација на руралните простори.

**Подобрување на општата економската клима во сите стопански свери и решавање на други предуслови:** Утврдување на индикатори според кои ќе се интервенира за подобрување на општата економска клима во државата. Интервенции во сите стопански гранки врз принципот на пронаталитетен бизнис. Решавање на други предизвици кои

би се јавиле во текот на реализацијata на демографската политика.



# З А К Л У Ч О К

Преку текстот што е понуден се прави обид теоретски да се предвидат одредени правци на делување за реализацијата на стратегии на демографски развој и популациона политика. Како и да е, Македонија нема време за чекање, односно веднаш мора да започне со реализација на стратегиски план за демографска обнова на татковината. Секое одлагање е губење неповратно време на штета на популацијата и нацијата воопшто.

Се надеваме дека нашите предлози ќе бидат од корист при планирање и практицирање на демографски развој и популациона политика во Република Македонија во целина или посебно на ниво на региони и општини.